08.05
[signature]

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ВИНИЦА
ул. Бел Камен 13, 2310 Виница, Р. С. Македонија
тел/факс: +389 (0) 33 361 945
ovinica@t-home.mk, www.opstinavinica.gov.mk

ВИНИЦА

REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA
MUNICIPALITY VINICA
str. Bel Kamen 13, 2310 Vinica, R.N.Macedonia
phone/fax +389 (0) 33 361 945
ovinica@t-home.mk, www.opstinavinica.gov.mk

Јавно претпријатие за комунални работи
"СОЛИДАРНОСТ" Ц.О.
В И Н И Ц А

| Примено: | 08.05.2025 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 02 | 416 | | |

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
СОВЕТ НА ОПШТИНА ВИНИЦА
Бр.09 - 485
29.04.2025 год.
ВИНИЦА

Врз основа на член 21 став 1 точка 28 од Статутот на општина Виница („Сл.гласник на општина Виница број 8/2010, 12/2014, 4/2019, 12/2022“), а во врска со член 17-а, став 2 од законот за јавните претпријатија („Сл. весник на РМ број 38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19 и „Сл.весник на РСМ број 275/19, 89/22 и 274/22“) и Правилникот за формата и содржината на Јавниот повик, начинот на поднесување на пријавата, обрасците за пријавување, начинот на бодување и селекција на кандидатите и други прашања во врска со спроведувањето на постапката за именување и разрешување на членови на управен односно надзорен одбор на јавните претпријатија („Сл.весник на Република Северна Македонија број 283/2022“), Советот на општина Виница на 41-та седница одржана на ден 29.04.2025 година, донесе:

## О Д Л У К А

**За распишување на Јавен повик за пријавување на заинтересирани лица за избор на член во Управен одбор на Јавното претпријатие за комунални работи „Солидарност“ - Виница**

Член 1

Општина Виница распишува Јавен повик за пријавување на заинтересирани лица за избор на член во Управен одбор на Јавното претпријатие за комунални работи „Солидарност“-Виница.

Член 2

Јавниот повик содржи податоци за условите кои треба да бидат исполнети, а на Јавниот повик може да се пријават сите заинтересирани кандидати кои ќе поднесат пријава и комплетна документација со кои се потврдува дека ги исполнува условите од Јавниот повик согласно законските прописи. Јавниот повик е даден во прилог на оваа Одлука.

Член 3

За избор на член во Управен одбор на Јавното претпријатие за комунални работи „Солидарност"-Виница, Советот на општина Виница формира Комисија за селекција која ќе ја спроведе постапката за селекција.

Член 4

Одлуката влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Виница".

СОВЕТ НА ОПШТИНА ВИНИЦА
Претседател,
Дипл.инг.геолог Ацо Ѓоргиевски